# ДИСКУСИЈАТА НА НАУЧНИОТ СОИБИР „МАРКС И НАШАТА СОВРЕМЕНОСТ“

**Антоанела Петковска**

Во текот на петте дена од траењето на Научниот собир „Маркс и нашата современост’„ одржан по повод одбележувањето на стогодишнината од смртта на Карл Маркс, беа поднесени 33 реферати. Тие беа тематски распоредени, што придонесе за подобро следење на зафатените аспекти од Марксовата мисла и нејзината релација со актуелната општествена стварност.

Излагањата се движеа од разгледувањето на духовниот хоризонт на Маркс, како основа на неговото творештво, преку согледувањата на марксистичката теорија за кризата, дилемата за односот помеѓу Марксовата мисла и нашата стварност, економските, општествени, демографски аспекти на марксистичкото учење, методолошките поставки на Маркс, истражувањата на класно-социјалната структура, проблемите на воспитанието, образованието, уметноста и културата присутни во социјализмот, и разгледувани во духот на марксизмот, Марксовиот хуманизам, Марксовите истражувања на историјата и неговиот однос кон оваа наука, Марксовото гледање на војната и војската и на крај, дури, Марксовиот интерес за математиката.

Интегрален дел од Собирот беше дискусијата, поттикнувана од прашањата и проблемите што ги иницираа самите соопштенија. Таа се движеше и пошироко — како обид што поопфатно да се разгледаат сите аспекти на Марксовото учење, афирмацијата и распространоста на марксизмот и можноста за неговото развивање и состојбата денес.

Во дискусијата со свои ставови и забелешки учествуваа: д-р Јонче Јосифовски, д-р Јованка Кепевска ,д-р Лазар Никодиновски, д-р Димитар Димитров, д-р Митра Шаровска, д-р Христо Меловски, д-р Ѓорѓи Старделов, д-р Ферид Мухиќ, д-р Коста Костов, д-р Петре Георгиевски, Стојан Јордановски, м-р Олга Мурџева-Шкариќ, м-р Љубомир Цуцуловски, д-р Ѓоко То-

зи, м-р Атанас Вангелов, д-р Кирил Темков, д-р Митко Илиевски и Никола Тодорчевски.

Дискусијата се водеше во рамките на решавањето на дилемата, актуелноста на марксовата мисла — неговиот однос кон капитализмот, од една, и социјализмот, од друга страна. Во тој контекст се зборуваше и за современиот момент на социјализмот, кризата на социјализмот и на капитализмот и Марксовиот став по овие прашање. Се дојде до заклучок дека проблемите на кризата имаат значајно место во теориите на Маркс. Кризата значи нешто непожелно, некакво умирање но таа (според Алтисер) има значење на буревесник, поттик за раѓање на нешто ново, што не само што се разликува од старото туку и го надминува.

Денес станува сосема јасно дека и социјализмот е подложен на криза (која е речиси постојано присутна, а во определени услови и се заострува) — спротивно на Сталиновото догматско сфаќање — како и дека таа криза е криза на оскудица, а не криза предизвикана од хиперпродукција што е карактеристично за капитализмот. Во таа смисла, се надоврзува Марксовиот однос кон социјализмот како општество коешто не е лишено од противречности што значи дека не може едноставно да се предвидат конкретните тенденции во развитокот на општеството — кое се стреми кон комунизмот или остварениот хуманизам. Маркс зборува за одредени тенденции — процеси во општествениот развиток, кои се одвиваат низ борбата на спротивностите, што укажува на актуелноста на Маркс и во моментот кога се јавува потреба да се надмине криза на современото социјалистичко општество. Тоа не значи дека од Маркс можеме да бараме и готови, конкретни решенија на таа криза, која е резултат на специфичните услови во кои се развива социјализмот денес.

Беше нагласено, дека во основа на сè лежи афирмацијата на човекот, доследност во остварувањето на марксовиот хуманистички пристап кон проблемите на развитокот на човековото општество.

Се дојде до сознание дека и самата марксистичка теорија за кризата (а и марксистичката теорија воопшто) запаѓа во криза, која криза се огледа во областа на политиката, идеологијата, културата, а не само во економската сфера.

Според тоа марксизмот треба да биде „теорија која се грижи за своето реализирање". Таа се реализира себе си во стварноста. Значи, основната цел и задача на марксизмотм е менувањето на таа стварност, на светот воопшто, затоа што тој свет може и треба да се менува.

Разгледувањето на економските аспекти на Марксовото дело го предизвикаа прашањето за еманципацијата на работничката класа и еменципацијата на човекот. Основниот услов

на оваа еманципација лежи во процесот на разотуѓувањето на трудот или конкретно, укинувањето на неговиот наемен карактер во однос на приватниот капитал.

Во процесот на развитокот на производните сили, зголемувањето на материјалното производство, подемот на техничко-технолошките достигања, човекот е најважниот фактор. Воедно, во духот на Марксовиот хуманизам, битно е да се истакне дека човекот треба секогаш да биде цел, а не средство во процесот на производството. Во таа смисла логично е да се разгледа и утврди можноста и улогата на системот на социјалистичкото самоуправување во остварувањето на тие цели. Не е сеедно со какви средства се служиме во изградбата на нашиот социјализам и дали самоуправувањето постои само нормативно или и суштински се остварува.

Понатаму, во дискусијата беа зафатени и Марксовите ставови кон уметноста и културата воопшто, изведени од севкупното Марксово учење за општествената структура и општествениот развиток.

Се наметнаа и прашањата за статусот на културата во современото општество, а пред сè во нашето социјалистичко општество.

Интересна беше дискусијата што се поведе за местото, улогата и фактичката состојба на образованието и воспитанието кај нас. Тука се наметна проблемот предизвикан од реформата на образованието, пред сè средношколското образование и тоа во врска со воведувањето на насоченото образование и неговиот контроверзен карактер.

Беше неминовно да се отварат и други прашања од богатството на аспекти со кои обилува Марксовата мисла како, на пример, проблемите на Марксистичката етика.

Видно место во дискусијата доби и актуелниот проблем на еманципацијата на жената. Притоа беше поентирано дека е илузорно да се вулгаризира овој проблем и да се одвои од процесот на општочовечката еманципација.

Општиот впечаток од дискусијата нè наведува повторно до заклучокот дека широчината на Марксовата мисла е најголемиот доказ за нејзината актуелност и присутност до денешни дни. Меѓутоа суштината е во тоа таа недогматски и доследно да се интерпретира и што е уште поважно исто толку доследно да се развива и надополнува, согласно со условите и потребите на сегашнината во која се раѓаат никулците на едно ново утре.

Во своето излагање при завршувањето на научниот собир „Маркс и нашата современост“, професор д-р Христо Андонов-Полјански ги потцрта основните прашања и резултатот од целокупната работа на овој научен собир.